Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 25 -09- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 49- | 8817 | / 2 | |

Бр. 08-1239/3
Датум 24.9.2025

**До: Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија - одделение за соработка со невладини организации**

**Предмет: Известување за Предлог - иницијативата за Фондација за интернет и општество Метаморфозис**

Врска со предмет: Предлог - иницијативата на Фондација за интернет и општество Метаморфозис со ваш архивски број 49-8817/1 од 17.09.2025 година

Почитувани,

Согласно доставениот предмет Предлог - иницијативата на Фондација за интернет и општество Метаморфозис со ваш архивски број 49-8817/1 од 17.09.2025 година, во прилог Ви доставуваме фотокопија од известувањето за Предлог - иницијативата за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026, кое Министерството за образование и наука го достави до Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис.

Во известувањето Министерството за образование и наука се произнесе за релевантноста и прифатливоста на предлогот, во рамки на делокругот на надлежностите на министерството.

Со почит,

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Кети Костовска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ʼʼ nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за образование и наука | Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Бр. 08-12390/2
Датум 24.09.2025

**До: Фондација за интернет и општество Метаморфозис**

**Предмет: Известување за Предлог - иницијативата за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026**

Почитувани,

Согласно Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, Ви го доставуваме известувањето во рамки на делокругот на нашето министерство за Предлог - иницијативата за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026, со наслов Креирање на Национална стратегија за дигитална писменост.

Министерството за образование и наука во изминатиот период интензивно работи на дигитализација на сите процеси во образовниот систем. Голем дел од услугите кои ги нуди образовниот систем, како што се запишување на ученици во прво одделение, запишување на ученици во средно училиште, нострификација на дипломи стекнати во странство за основно, средно и високо образование, секаков тип на ученички и студентски стипендии, сместување во ученички и студентски домови, субвенциониран оброк, како и конкурси од областа на науката се дигитализаирани. Истовремено министерството работи и на дигитализација на административните процеси во училиштата и во самото министерство.

Министерството за образование и наука (МОН) во соработка со Бирото за развој на образованието (БРО), во текот на 2021 година согласно новата Концепција за основно образование, изработи Национален стандард за дигитална писменост од основното образование, (https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/02/Nacionalni-%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%9D%D0%94%D0%90%D0%A0%D0%94%D0%98-%D1%83%D1%81%D0%B2%D0%BE%D0%B5%D0%BD%D0%B8.pdf). Во рамки на проектот Младите размислуваат, МОН и БРО подготвија рамка за медиумска писменост во основното образование (https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Ramka-za-mediumska-pismenost-vo-osnovnoto-obrazovanie_MK.pdf). Врз основа на стандардот и рамката во наставните програми за основно образование се имплементираа активности за медиумска писменост. Исто така, изработен е дигитален речник за медиумска писменост и спроведени се обуки со наставниците во одделенска настава и наставниците по мајчин јазик.

Дополнително, изминатиов период се одржаа обуки на советниците од Бирото за развој на образованието, обуки за примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава и обуки за поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици. Обуките се акредитирани и истите се дел од годишната програма за стручно усовршување на наставниците за 2025 година. Следниот период советниците ќе ги посетат училиштата


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi '' nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

и ќе ја следат примената на стекнатите знаења и вештини, овозможувајќи поддршка за наставниците и подобрување на наставната пракса.

Во рамки на ИПА 2 програмата се реализира проект за Подобрување на квалитетот на образованието и е наменет за средно образование. Една од компонентите е Дигитални компетенции со чии активности се спроведоа обуки со стручната служба и наставниците во средните училишта и се изработија стандарди за дигитални компетенции согласно Европската рамка. Одржани се обуки за зелени вештини и дигитални компетенции.

Исто така, за да можат наставниците и стручните соработници соодветно да одговорат на дигиталните предизвици, Министерството и Бирото за развој на образованието спроведоа неколку обуки на тема "Учење од далечина: интернет апликации и платформи за учење". Наставниците беа обучени за користење на информатичката технологија за учење од далечина. Наставниците се стекнаа со компетенции за активно вклучување во информатичкото и технолошки софистицираното современо општество.

Бирото за развој на образованието е дел од конзорциумот за проектот Безбедни Интернет центри на Министерството за дигитална трансформација кој е одобрен од Дигитална Европа и ќе трае до 2026 година. Во рамки на проектот планирани се активности за зголемување на свесноста за користење на Интернетот и начини за негово безбедно користење преку иновирање на наставните програми во предучилишно, основно и средно образование.

Континуирано се опремуваат јавните училишта со ИКТ опрема со цел да се овозможи примена на дигитална технологија и интеграција на ИКТ во наставата и учењето.

Во согласност со Стратегијата за образование, а со цел зголемување на ефикасноста во обезбедувањето дидактички материјал за наставниците и наставен материјал за учениците и достапноста на педагошките иновации, во 2023 година започна процесот на изработка на дигитални интерактини учебници за 4-то, 5-то и 6-то одделение. Дигиталните учебници се изработени на сите 5 наставни јазици (македонски, албански, турски, српски и босански). Преку користење на дигиталните учебници учениците ги развиваат дигиталните вештини од најмала возраст.

Министерството за образование и наука го следи процесот на дигиталната трансформација во образовниот систем како што е и воведувањето на вештачката интелигенција во наставата. За таа цел министерството за образование и наука заедно со Универзитетот Гоце Делчев Штип изготви Водич за употреба на вештачката интелигенција во образовниот процес. Водичот содржи препораки кои се наменети за наставниците и за учениците, како најлесно да го пренесуваат знаењето за придобивките и ризиците од користењето на вештачката интелигенција, но исто така и да препознаваат злоупотреби на новите технолошки алатки од страна на младите.

За учениците има препораки како етички да ја користат вештачката интелигенција за образовни цели и да препознаваат можни манипулации и злоупотреби на приватност.

Во тек е изработка на новата стратегија за образование 2026-2032, каде што еден од приоритетите е дигиталната писменост.


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi '' nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Согласно Програмата на Владата, изработена е предлог национална ИКТ стратегијата. Министерството за дигитална трансформација е носител на оваа активност, а Министерството за образование и наука имаше свој член во работната група која беше задолжена за изработка на Националната ИКТ стратегијата. Целата на оваа стратегија е да ја подготви државата за сестрана и агилна дигитална иднина. Еден од фокусите на стратегијата е медиумската писменост.

Имајќи го предвид горенаведеното, сметаме дека активностите кои би произлегле од Предлог - иницијативата за Креирање на Национална стратегија за дигитална писменост веќе се опфатени во работата на Министерството за образование и наука и во работата на останатите релевантни институции, односно истите се веќе вклучени во стратешките документи, а се вклучени и во предлог Националната ИКТ стратегија. Од тие причини, сметаме дека во овој момент нема потреба од изработка на посебна стратегија за дигитална писменост.

Со почит,

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**проф. д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Кети Костовска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ’’ nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk